Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

## Извадок на дел од дневни настани 01.12.2020

На 30.11.2020, при претрес во домот на Ф.Д.(37) во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, пронајдоа и одзедоа кокаин. Ф.Д. е приведен и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.11.2020 во 14.15 часот на бензинска пумпа на подрачјето на Карпош, од полициски службеници од СВР Скопје била лишена од слобода малолетничка од Скопје, кај која при преглед ѝ е пронајдена и одземена марихуана. Таа е предадена на полициски службеници од Полициска станица Карпош за понатамошна постапка.

На 30.11.2020 во 21.00 часот на подрачјето на Гази Баба од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода С.С.(20) од Куманово, затоа што при преглед кај него се пронајдени ловечка пушка и 12 патрони. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Гази Баба за понатамошна постапка.

На 30.11.2020 во 15.30 часот во Полициска станица Аеродром, Д.Н.(40) од Скопје пријавил дека на бул.„Видое Смилески Бато" бил каснат од куче скитник.

На 30.11.2020 во 07.10 часот, на излезот од Гостивар, на Здуњска крстосница, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар запреле патничко возило „рено канго", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од У.Џ.(39) од гостиварско Орќуше, во кое превезувал огревни дрва без потребната документација. Дрвата се одземени и предадени на Шумска полиција, а против У.Џ. ќе следува поднесок.

На 30.11.2020 во 11.40 часот во Полициска станица Центар, Д.Б.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Карев" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.М.(20) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 20.12.2019 на ул.„11 Октомври" во Кичево од полициски службеници при извршен преглед над С.М. биле пронајдени и одземени мешавина од марихуана и тутун.

На 30.11.2020 во 09.18 часот во СВР Скопје, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека М.Т.(19) од с.Инџиково, скопско, вработен во фирма на ул.„Перо Наков", се повредил додека извршувал работни задачи.

Одделението за внатрешни работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Ј.Д.(23) од с.Ваташа, кавадаречко, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 14.12.2019 околу 22.00 часот во Кавадарци, на место викано „Витачево", полициски службеници извршиле контрола и преглед кај Ј.Д., при што биле пронајдени и одземени марихуана и ризли.

На 30.11.2020 во 11.05 часот вработена во Центар за социјални работи Куманово пријавила дека едно лице физички го нападнало В.Н.(40), вработен во Центарот. Во 11.30 часот, од страна на Б.Б.(57) од с.Романовце било пријавено дека околу 11.00 часот во простории на Центарот за социјални работи во Куманово бил физички нападнат од лице вработено во Центарот. По преземени мерки, обавен е разговор со Б.Б. и В.Н. и изготвени им се записници за констатиран прекршок по член 11 од Закон за прекршоци против јавниот ред и мир.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Ш.(20) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Пријавениот на 30/31.08.2020 влегол во црквата ,,Св. Анастасија" во с.Радиовце и одзел пари.

На 30.11.2020 во 09.30 часот во Полициска станица Центар, Г.К.(48) од Скопје пријавил дека во периодот од 21 до 29.11.2020, во ковид-центарот во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде бил хоспитализиран неговиот татко Д.К.(72), кој починал во центарот, од страна на непознат сторител одземен му е паричник во кој имало пари, лични документи и предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.11.2020 во 20.40 часот во Скопје на ул.„11 Октомври", пред крстосница со бул.„Кочо Рацин", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „хјундаи", управувано од Љ.С.(65), патничко возило „тојота ајго", управувано од В.И.(49) и патничко возило „пежо 106", сопственост на МВР, управувано од М.Ц.(41), вработена во МВР, сите три со скопски регистарски ознаки. Во незгодата, со телесни повреди се здобиле возачите Љ.С. и В.И., како и сопатникот во патничкото возило „тојота ајго" Т.И.(44), констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". За незгодата е известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 30.11.2020 околу 23.50 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека во во ковид-центарот во рамки на Комплекс клиники „Мајка Тереза", околу 22.30 часот пациент со употреба на остар предмет упатил закани кон вработената А.М.(31) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет